**20120952449**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ**

Се прогласува Законот за комуналните дејности,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2012 година.

Бр. 07- 3452/1
24 јули 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура и други прашања од значење за комуналните дејности.

### Член 2

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес.

### Член 3

На управната постапка и постапката при вршењето на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка и Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

### Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Комунална дејност” е стопанска дејност за давање на комунални услуги за задоволување на потребите на физички и правни лица за која единиците на локалната самоуправа обезбедуваат услови за соодветен обем, квалитет, достапност, континуитет и надзор над нејзиното вршење;

2. "Дозвола за вршење на комунална дејност" е акт издаден од надлежен орган на правно и физичко лице кое е регистрирано за вршење на одредена комунална дејност согласно со условите пропишани со посебен закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделни комунални услуги;

3. "Субјекти на надзор" се јавни претпријатија основани за вршење на комунални дејности и правни и физички лица на кои им е доверено вршење на комунални дејности;

4. "Давател на комунална услуга" е јавно претпријатие основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Владата на Република Македонија или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност;

5. "Корисник на комунална услуга" е правно и физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, чии права и обврски се регулираат со меѓусебно склучен договор;

6. "Урбана опрема" се предмети и објекти кои служат за давање на комунална услуга за заедничка потрошувачка, како што се фонтани, споменици, клупи, рекламни паноа, градски чешми, часовници, опрема за детски и други игралишта , садови за отпад, опрема за постојки и друго;

7. "Објекти на комунална инфраструктура" се градежни објекти, инсталација, опрема, јавни површини и други објекти на комуналната инфраструктура кои служат за давање на комунални услуги на корисниците и се добра од јавен интерес и

8. "Одлука за комунален ред" е акт на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје со кој се уредуваат поблиските услови и начинот на давање на комуналните услуги.

Член 5

Комунални дејности, во смисла на овој закон, се:

1) изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата;

2) изградба на водоснабдителен систем, обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата;

3) изградба на канализационен систем, одведување и пречистување на отпадни води, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од станбените, деловните, производните, административните и други објекти, агломератот од приклучокот на дворната мрежа преку канализациони системи, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот;

4) изградба на канализациона мрежа, одведување и испуштање на атмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент;

5) јавен општински превоз, под што се подразбира превоз на патници во патниот сообраќај на подрачјето на општината;

6) изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти;

7) собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии;

8) одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови;

9) одржување, чистење и користење на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки;

10) одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта, под што се подразбира нејзино редовно и инвестиционо одржување;

11) поставување и одржување на јавно осветлување, под што се подразбира изградба и одржување на јавното осветлување;

12) одржување на гробишта, крематориуми и давање на погребални услуги, под што се подразбира определување, изградба и одржување на гробиштата, гробните места, гробниците, придружните објекти и инфраструктурата во гробиштата и давање погребални услуги, како што се преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за погреб и погреб или кремирање;

13) отворени и затворени пазари на големо и мало, под што се подразбира изградба, одржување на објектите и просторот на истите;

14) оџачарски работи, под што се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад;

15) отстранување и чување на хаварисани возила, уловување на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами, чување на животни и домашни миленици во населени места;

16) испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот;

17) изградба и користење на јавниот простор за паркирање и на објектите кои се наоѓаат на тој простор;

18) изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори и

19) испорака на топлотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот.

Член 6

Условите и начинот на вршење на комуналните дејности од членот 5 од овој закон се пропишуваат со овој закон и посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности.

## II. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Член 7

(1) Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми.

(2) Развојните планови за вршење на комуналните дејности се донесуваат за период од три години од страна на советот на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје.

(3) Јавните претпријатија основани од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за вршење на комунални дејности врз основа на развојните планови, донесуваат годишна програма до крајот на тековната година за наредната година по претходна согласност од советот на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје.

(4) Јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија за вршење на комуналните дејности од страна на Владата на Република Македонија донесуваат годишна програма до крајот на тековната година за наредната година по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Член 8

Владата на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности и нивен развој, при што обезбедуваат:

1) материјални, технички и други услови за изградба, одржување и функционирање на објектите на комуналната инфраструктура и обезбедување на техничко-технолошко единство на системите за трајно и континуирано вршење на комуналните дејности;

2) потребен квалитет и обем на комуналните услуги во зависност од материјалните можности на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и

3) контрола над правните и физичките лица кои вршат соодветни комунални дејности.

Член 9

(1) Комуналните дејности се вршат во согласност со овој и друг закон, како и прописите донесени од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) За вршење на комуналните дејности, општините, односно градот Скопје можат да основаат јавно претпријатие, доколку со посебен закон со кој се уредува одделна комунална дејност поинаку не е уредено.

(3) Доколку општината, односно градот Скопје немаат основано јавно претпријатие, вршењето на комуналните дејности можат да го доверат на правни и физички лица кои поседуваат дозвола за вршење на соодветната дејност, согласно со условите утврдени во посебен закон со кој се уредува одделна комунална дејност поинаку не е уредено.

(4) Владата на Република Македонија за вршењето на одделни комунални дејности кои се од интерес за Републиката, а кои претставуваат фукционална, економска и техничко-технолошка целина може да основа јавно претпријатие или нивното вршење да го довери на правно или физичко лице согласно со овој закон и посебните закони со кои се уредува одделна комунална дејност.

Член 10

(1) За вршење на комуналните дејности, правните и физичките лица треба да поседуваат дозвола издадена од надлежен орган согласно со посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности.

(2) Дозвола за вршење на одделни комунални дејности може да добие правно и физичко лице регистрирано за вршење на соодветната комунална дејност и кое ги исполнува условите пропишани со посебен закон со кој се уредува комуналната дејност.

Член 11

(1) Две или повеќе општини можат заеднички да го организираат вршењето на комуналните дејности врз основа на спогодба меѓу нив, согласно со закон.

(2) Со спогодбата од ставот (1) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски на општините во обезбедување на условите за вршење на комуналните дејности на подрачјето на општината, правата и обврските на субјектите кои ги вршат комуналните дејности, како и начинот на донесување на одлуки во случај на одредени несогласувања на општините по одделни прашања во врска со вршењето на комуналните дејности чие решавање не трпи одлагање (согласност за цената, вршење на контролата и друго).

Член 12

(1) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје поблиску го пропишуваат начинот на организирање и вршење на комуналните дејности, како и начинот на користење на комуналните услуги во поглед на:

1) техничките, санитарно-хигиенските, здравствените и други услови за вршење на дејноста, заради обезбедување на определен обем, вид и квалитет на комуналната услуга, доколку не се пропишани со закон;

2) обезбедувањето на континуитет во вршењето на комуналните услуги;

3) начинот на наплата на надоместокот за комуналната услуга како и начинот на постапување во случај на не добивање или неквалитетно добивање на услугата и

4) начинот на постапување во случај на прекин на давањето на комуналната услуга во случај на хаварија, елементарна непогода или штрајк, мерките што треба да ги преземе давателот на услугата во вакви случаи, како и редоследот на испорака на комуналните услуги во случај на виша сила и доколку дојде до намален обем на вршењето на комуналната услуга.

(2) Заради подетално уредување на односите во комуналните дејности, утврдени со овој закон, советот на општините, односно Советот на градот Скопје донесува одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување.

(3) Со одлуката од ставот (2) на овој член особено се пропишува:

- уредувањето на населените места,

- начинот и обемот на користење на комуналните услуги.

- уредувањето, одржувањето, чистењето и користење на парковите, зоолошки градини, зелените и рекреативни површини и парк шумите во населените места,

- одржувањето и користењето на јавните површини во населените места,

- собирањето, транспортирањето и постапувањето со собраниот комунален отпад,

- отстранувањето на противправно поставени и оставени предмети,

- одржувањето на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори пред јавни објекти и чистење на снегот,

- услови за чување на животни и домашни миленици во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места,

- начинот за одржување на чистота во дворни места, места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места,

- начинот на одржување и чистење на одводни отворени канали и изградба и одржување на септички јами и

- мерки за спроведување на одредбите од одлуката.

(4) За спроведувањето на одлуката од ставот (2) на овој член општините, општините во градот Скопје и градот Скопје назначуваат комунални редари. За комунален редар се назначува лице со најмалку средно образование.

(5) При вршењето на контролата, комуналниот редар има право да ги провери идентификациските документи на лицата поради потврдување на нивниот идентитет, во согласно со закон.

(6) За констатираните неправилности при контролата комуналниот редар составува записник и изрекува мандатна казна на самото место согласно со овој закон и Законот за прекршоците.

Член 13

Давателот на комуналната услуга е должен давањето на комуналните услуги да го врши постојано и квалитетно и да ги одржува во функционална и исправна состојба објектите, опремата и уредите.

Член 14

(1) Комуналните услуги се делат на услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка и услуги за задоволување на заедничката потрошувачка.

(2) Во услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка спаѓаат:

- обработка и снабдување со вода за пиење,
- обработка и испорака на технолошка вода,
- одведување и пречистување на отпадни води,
- превоз на патници во патниот сообраќај,
- собирање и транспортирање на комунален отпад,
- изградба и одржување на гробните места,
- користење на продажно место на отворени и затворени пазари,
- чистење на оџаци и опрема за одведување на чад,
- отстранување на хаварисани возила, одржување на септички јами,
- испорака на гас до мерен инструмент на корисник и
- испорака на топлотна енергија до мерниот инструмент на корисникот.

(3) Во услуги задоволување на заедничка потрошувачка спаѓаат:

- одведување и испуштање на атмосферски води,
- реконструкција и заштита на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- одржување на јавната чистота,
- одржување и чистење и користење на паркови, зоолошки градини, парк шуми, рекреативни површини и зеленило,
- одржување на сообраќајната сигнализација на улици и општински патишта,
- јавно осветлување,
- одржување на гробишта, придружните објекти и инфраструктурата на гробиштата,
- одржување на објектите на отворени и затворени пазари на големо и мало и
- ерадикција на животни скитници, украсување на населени места, одржување на санитарни јазли и одржување на урбаната опрема.

## III. ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Член 15

(1) Објектите на комуналната инфраструктура во зависност од својата намена, се објекти кои служат за задоволување на индивидуалната потрошувачка и објекти за задоволување на заедничката потрошувачка.

(2) Во објекти на комуналната инфраструктура што служат за задоволување на индивидуалната комунална потрошувачка спаѓаат објектите за:

- испорака на вода од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот,
- одведување и пречистување на отпадни води од приклучокот на корисникот до главниот цевковод и пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот,
- собирање и транспортирање на комунален отпад на физички и правни лица до депонија,
- испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот и
- испорака на топлотна енергија од централниот извор на греење до потстаницата на корисникот.

(3) Во објекти на комуналната инфраструктура што служат за задоволување на заедничката комунална потрошувачка спаѓаат:

- објекти за зафаќање, преработка, дистрибуција на водата до мерниот инструмент на корисникот,
- објектите за одведување и испуштање на атмосферски води од главната колекторска мрежа до реципиентот,
- објектите за складирање на комунален неопасен отпад и објекти за опасен отпад,

- локалните патишта и улици со вертикална и хоризонтална сигнализација, велосипедски патеки и кејови и јавни површини,
- гробишта,
- јавните простори за паркирање,
- отворени и затворени пазари за големо и мало,
- паркови, зелени површини, парк шуми и рекреативни зелени површини и карактеристични пејзажи,
- рекреативни објекти (детски игралишта, спортски патеки и игралишта) и
- одводни канали и речни корита.

Член 16

(1) Сопственик на градежен објект изграден согласно со закон е должен објектот да го приклучи на комунална инфраструктура.

(2) Градежен објект изграден спротивно на закон не смее да се приклучи на комунална инфраструктура.

(3) Давателот на комунална услуга е должен да приклучи на комунална инфраструктура градежен објект изграден согласно со закон.

(4) Давателот на комунална услуга не може да приклучи градежен објект на комунална инфраструктура ако е изграден спротивно на закон.

(5) Во општини каде што нема изградено канализационен систем, сопствениците на објектите се должни да изградат септички јами.

(6) Поблиските услови за изградба на септичките јами и начинот на нивното одржување и чистење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од комуналната дејност.

(7) По исклучок на ставовите (2) и (4) на овој член објект кој е изграден спротивно на закон може да се приклучи на комунална инфраструктура доколку за истиот е издадена урбанистичка согласност согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 17

Давањето на комунална услуга не може да му се ограничи на кој било корисник, освен во случаи утврдени со овој закон и посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности.

Член 18

(1) Давањето на комунална услуга на корисник на индивидуална комунална потрошувачка се воспоставува врз основа на договор склучен меѓу давателот и корисникот на услугата на начин утврден согласно со закон.

(2) Ако корисникот на комуналната услуга за која има склучено договор редовно не ги плаќа обврските за давање на комуналната услуга, давателот на комуналната услуга може да го прекине давањето на комуналната услуга на начин утврден со договорот склучен за давање на комуналната услуга.

(3) Давањето на комунални услуги може привремено да му се ограничи на корисникот на индивидуална комунална потрошувачка ако истата ја користи ненаменски или комуналната услуга ја користи преку дозволениот обем или спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред.

(4) По престанок на причините за прекин на користење на комуналната услуга, давателот на комуналната услуга е должен веднаш, а најдоцна наредниот ден од денот на поднесувањето на барањето од страна на корисникот на услугата, да продолжи со давање на комуналната услуга.

Член 19

(1) Во случај на прекин на давање на комуналните услуги поради виша сила или други причини кои не можеле да се предвидат или спречат, давателот на комуналните услуги е должен без одлагање да преземе соодветни мерки за отстранување на причините или на друг начин да обезбеди задоволување на неопходните потреби на корисникот на комуналните услуги.

(2) Мерките кои давателот на комуналната услуга треба да ги преземе во случаите од ставот (1) на овој член се:

- да обезбеди привремено снабдување на корисникот на услугата од алтернативни извори, доколку постои таква можност,
- да преземе итни мерки за отстранување на причините кои довеле до прекин,
- да изврши итна поправка и замена на комуналните инсталации и уреди со кои се обезбедува комуналната услуга,
- да обезбеди заштита на комуналните објекти и уреди од евентуални натамошни хаварии и
- да преземе други мерки определени со акт на општината.

Член 20

(1) Во случај на штрајк на давателот на комуналните услуги, поради што не е обезбеден минимум од процесот на работа во извршувањето на комуналната дејност, односно во давањето на комуналните услуги, а поради кои можат да настанат опасности и тешки последици по здравјето и безбедноста на имотот на луѓето , општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, се должни да преземат мерки на индивидуална или групна мобилизација на вработените кај давателот на комуналните услуги, со кои привремено ќе се обезбеди извршување на одделни комунални дејности или да го доверат давањето на комунални услуги преку други субјекти кои ги исполнуваат условите согласно со посебниот закон со кој се пропишани условите и начинот на вршење на одделна комунална дејност.

(2) Доколку општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје не ги преземат мерките од ставот (1) на овој член во тој случај, на сметка на општината, може да ги преземе органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 21

(1) Средствата за финансирање и развој на комуналните дејности се обезбедуваат од:

- надоместок (цена) за дадена комунална услуга за индивидуална комунална потрошувачка утврдена со закон,
- надоместок за користење на објекти и дадена комунална услуга за заедничка комунална потрошувачка утврден со закон,
- комунална такса утврдена со закон,
- надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со закон,
- средства од Буџетите на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,
- средства обезбедени од самопридонес и
- средства обезбедени од донации, кредити и други извори определени со закон.

(2) Владата на Република Македонија може да учествува во изградбата и одржувањето на објектите од комуналната инфраструктура доколку истите се од значење за државата или од интерес за една или повеќе општини, во согласност со плановите и програмите за развој на комуналните дејности.

Член 22

(1) За користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка од членот 14 став (1) од овој закон се плаќа надоместок утврден со посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја утврдува давателот на комуналната услуга по претходно добиена согласност од општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје, односно Владата на Република Македонија за јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија.

Член 23

Од надоместокот за користење на комунални услуги од индивидуална комунална потрошувачка се обезбедуваат средства за вршење на следниве комунални дејности:

- снабдувањето со вода за пиење,
- одведувањето и пречистувањето на отпадните води,
- општински превоз на патници во патниот сообраќај;
- снабдување со природен гас и топлотна енергија,
- собирање и транспортирање на комунален и технолошки отпад и
- одржување на јавно градско зеленило (паркови).

Член 24

Надоместокот за користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка од членот 14 став (1) од овој закон се пресметува во мерни единици, и тоа:

- снабдување и испорака на вода за пиење во денари по метри кубни,
- снабдување и испорака на технолошка вода во денари по метар кубен,
- одведување и прочистување на отпадни води во денари по метри кубни,
- општински превоз на патници во патниот сообраќај, во денари по патник,
- снабдување со топлотна енергија во џули/м2/м3,
- снабдување и испорака на гас во денари по нормален м3,
- собирање и транспортирање на комунален отпад во денари по м2/кг/паушал или во денари по м3 по член на домаќинство,
- одржување и користење на пазари на големо и мало, по продажно место, во денари/површина и
- чистење на оџаци, во денари по м/ф.

Член 25

(1) За користење и одржување на објектите на комуналната инфраструктура, како и давањето на заедничката комунална услуга од членот 14 став (2) од овој закон се плаќа надоместок утврден со посебните закони со кои се уредуваат одделни комунални дејности.

(2) Од надоместокот од ставот (1) на овој член се финансира:

- одржувањето на јавната чистота на јавните површини,
- одржувањето на гробиштата,
- одржувањето на јавно осветлување,
- изградбата и одржувањето на јавното зеленило и зелените површини,
- одржувањето на хоризонтална и вертикална сигнализација и обележување на улици и јавни паркиралишта,

- одржувањето на улици и јавни паркиралишта,
- одржувањето на пазари и
- прифаќање, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води.

Член 26

(1) Висината и начинот на наплата на надоместокот од членот 25 од овој закон ја утврдува општината, односно градот Скопје. Висината на надоместокот се утврдува во зависност од видот и обемот на објектот, степенот на изграденост и опременост, локацијата и степенот и видот на услугата.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член го плаќаат сопствениците, односно корисниците на станбен и деловен простор.

(3) Средствата од надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на општината, односно градот Скопје и се користат за изградба и одржување на објектите за заедничка комунална потрошувачка.

Член 27

(1) Решение за надоместокот од членот 25 од овој закон донесува градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 28

За висината и начинот на распределбата на средствата за вршење на комуналните дејности од членовите 23 и 25 став (2) од овој закон, советот на општината, односно Советот на градот Скопје донесува одлука.

## V. НАДЗОР

Член 29

Надзорот над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

Член 30

Инспекциски надзор вршат државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, општинските комунални инспектори и комуналните инспектори во општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 31

(1) Државниот комунален инспектор, општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор во општините во градот Скопје и градот Скопје, се службени лица кои се самостојни во вршењето на инспекцискиот надзор и својот идентитет и овластување го докажуваат со легитимација.

(2) Легитимацијата ја издава и одзема органот кој го назначил.

(3) Формата и содржината на образецот на легитимацијата на државниот комунален инспектор и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од комуналната дејност, а за комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,

градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.

Член 32

За државен комунален инспектор, односно за комунален инспектор на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, се назначува лице со високо образование со најмалку три година работно искуство.

Член 33

Државниот комунален инспектор врши инспекциски надзор над правните и физичките лица кои вршат комунални дејности од значење за Републиката, и тоа на:

- јавни претпријатија за вршење на комунални дејности основани од Владата на Република Македонија,
- правни и физички лица на кои од Владата на Република Македонија им е доверено вршење на соодветна комунална дејност и
- во итни случаи кога поради одлагање може да настане опасност по животот и здравјето на граѓаните и имотот.

Член 34

Комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје вршат инспекциски надзор над:

- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината, односно општините на градот Скопје,
- физичките и правните лица на кои општината им доверила вршење на соодветни комунални дејности согласно со закон,
- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од градот Скопје,
- физичките и правните лица на кои градот Скопје им доверил вршење на соодветни комунални дејности согласно со закон и
- примената на одредбите од Одлуката за комунален ред.

Член 35

(1) Инспекторите од членот 30 став (1) од овој закон за утврдените недостатоци изготвуваат записник.

(2) Врз основа на записникот од ставот (1) на овој член инспекторите донесуваат решение со кое го определуваат начинот и рокот на отстранување на недостатокот.

(3) Доколку сторителот на прекршокот сам не го отстрани недостатокот, инспекторот ќе донесе заклучок за дозвола за извршување, при што трошоците паѓаат на товар на сторителот на прекршокот.

(4) Против решението на инспекторите од ставот (2) на овој член е дозволена жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(5) По жалбата против решението на државниот комунален инспектор одлучува посебна комисија при Министерството за транспорт и врски составена од три члена кои ги именува министерот.

(6) По жалбата против решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор во општините на градот Скопје и градот Скопје одлучува посебна комисија составена од три члена именувани од градоначалникот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(7) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(8) Ако при вршењето на инспекциски надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, е должен да покрене постапка пред надлежен суд.

Член 36

(1) За работата на комуналните инспектори на Државниот комунален инспекторат, директорот на Државниот комунален инспекторат донесува годишна програма, а за работата на комуналните инспектори на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, годишна програма донесува градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Годишните програми од ставот (1) на овој член содржат месечни планови за работата на инспекторите.

(3) Директорот на Државниот комунален инспекторат за работата на комуналните инспектори најдоцна до 31 март во тековната година доставува годишен извештај за претходната година до Владата на Република Македонија, а градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за работата на општинските комунални инспектори, најдоцна до 31 март тековната година доставуваат годишен извештај за претходната година до советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(4) Годишните програми од ставот (1) на овој член се донесуваат до 31 декември во тековната година за наредната година.

Член 37

Субјектите на надзорот се должни на државните комунални инспектори на Државниот комунален инспекторат, на комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје да им овозможат непречено спроведување на инспекцискиот надзор и да им ја дадат на увид целокупната потребна документација за вршење на надзорот.

Член 38

Државниот комунален инспекторат, односно комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за извршените контроли изготвуваат квартални извештаи и ги објавуваат на својата веб страница.

## VI. НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНИТЕ, ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ И ГРАДОТ СКОПЈЕ

Член 39

Надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

Член 40

(1) При вршењето на надзорот од членот 39 од овој закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијатива за квалитетно и навремено извршување на комуналните дејности,
- оценува дали органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат квалитетно и навремено извршување на комуналните дејности, согласно со стандардите и постапките утврдени со закон,
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат давањето на комуналните дејности,

- им дава препораки на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на нивно барање за доследно спроведување на работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон,

- давање мислење и стручна помош по предлог на прописите во областа на комуналните дејности на барање на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,

- навремено ги известува органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот и

- го следи навременото донесување на актите од надлежност на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје утврдени со овој закон.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи, за утврдените неправилности и преземените укажувања од ставот (1) на овој член, писмено го известува Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии за преземање на натамошните мерки во согласност со закон.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 41

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му изрече за сторен прекршок на правно и физичко лице - давател на комунална услуга, ако:

- не донесе годишна програма (член 7 ставови (3) и (4)),

- за вршење на комунална дејност ангажира правно и физичко лице кое не поседува дозвола за вршење на соодветната комунална дејност пропишана со закон (член 9 став (3)),

- комуналната дејност ја врши без дозвола (член 10),

- давањето на комуналната услуга не го врши постојано и квалитетно (член 13 став (1)),

- не ги одржува објектите, опремата и уредите во функционална исправна состојба (член 13 став (2)),

- давателот на комунална услуга не изврши приклучување на комунална инфраструктура на градежен објект изграден согласно со закон (член 16 став (3)),

- давателот на комунална услуга приклучи градежен објект на комунална инфраструктура изграден спротивно на закон (член 16 став (4)),

- давањето на комунална услуга го ограничи на кој било корисник (член 17),

- давањето на комунална услуга го врши без договор (член 18 став (1)),

- не преземе соодветни мерки за отстранување на причините во случај на прекин на давање на комуналните услуги или на друг начин не обезбеди задоволување на неопходните потреби на корисникот на комуналните услуги (член 19),

- изврши наплата на надоместок за извршена комунална услуга спротивно на мерните единици утврдени во членот 24 од овој закон и

- на надлежните инспектори не им овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор и не им ја даде на увид потребната документација (член 39).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

### Член 42

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му изрече за сторен прекршок на физичко лице - корисник на комунална услуга, ако:

- не изврши приклучување на градежен објект изграден согласно со закон, на комунална инфраструктура (член 16 став (1)),

-изврши приклучување на објект што е изграден спротивно на закон, на комунална инфраструктура (член 16 став (2)),

- не изгради септичка јама согласно пропишаните услови (член 16 став (6)) и

- на надлежните инспектори не им овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор и не им ја даде на увид потребната документација (член 39).

Член 43

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка, ако постапува спротивно на одредбите од Одлуката за комунален ред.

Член 44

(1) Кога државниот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 41 и 42 од овој закон, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторите од ставот (1) на овој член се должни да спроведат постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоци.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Јавните претпријатија формирани од Владата на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, за вршење на одделни комунални дејности и правните и физички лица регистрирани за вршење на комунална дејност, се должни своето работење да го усогласат со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 46

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 47

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија” број 45/97, 23/99, 45/2002, 16/2004 и 5/2009).

Член 48

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.